Ризница на Евангелието

Тематско проучување на Библијата

20. Домашна библиска студија - 20

РАСКИНАТА АЛКА ВО ЛАНЕЦОТ

Без сомневање во животот честопати сте ја слушнале изреката: „Ланецот е јак онолку колку е јака неговата најслаба алка.“ Тоа е потполно точно. Денес во верскиот свет наоѓаме раскината алка во однос на Божјиот закон. Зачудува што многу искрени луѓе, па дури и некои верски учители, не се свесни која е причината за раскинувањето на таа алка. Мислиме секако на празнувањето на неделата како на прв ден во седмицата наместо седмиот ден кој Бог го одвоил и посветил при самото создавање на светот.

Во нашата минатa лекција научивме дека Христос ја празнувал саботата и дека им рекол на своите ученици да се молат на Бога, денот во кој мораат да бегаат од Ерусалим, (а што се случило речиси четириесет години по Неговото воскресение) да не биде во сабота. Павле и останатите апостоли ја празнувале саботата. Во Библијата не наоѓаме запис дека било кој друг ден треба да го празнуваме освен саботата. Да се вратиме на сведоштвото на Библијата и историјата, да видиме како дошло до промена.

ОБИД ЗА ПРОМЕНАТА НАЈАВЕН ВО ПРОРОШТВОТО

Што една сила, според зборовите на пророкот Даниел, ќе се обиде да направи?

„И против Севишниот ќе зборува и ќе ги угнетува светиите на Севишниот; дури **ќе си помисли да ги измени празниците нивни и закони...**“ (Даниел 7:25).

Што според Павловото предвидување треба да се случи пред Христос повторно да дојде? Колку далеку таа отпадничка сила ќе отиде?

„Никој да не ве измами на ниеден начин; зашто оној ден нема да настапи **додека најнапред не дојде отпаѓање** и не се открие **Човекот на гревот**, Синот на погибелта, **кој се противи и се превознесува над сѐ што се нарекува Бог** или светост, за да седне како бог во Божјиот храм, **претставувајќи се себе самиот како Бог**“ (2. Солунјаните 2:3,4).

Световната и црковната историја ни сведочат дека постои само една сила која одговара на дадениот опис. Бидејќи Божјиот закон претставува откровение на Неговиот карактер, секој кој ќе се обиде да внесува какви било промени во Неговиот закон буквално се издигнува над Бога.

ПУКНАТИНА ВО БОЖЈИОТ ЗАКОН

Која сила го вовела празнувањето на неделата наместо саботата?

Ќе ги цитираме автентичните католички извори кои јасно ни го откриваат извршителот на таа промена.

„**Католичката црква пред повеќе од илјада години пред појавата на протестантите** со посредство на својата божествена мисија, наместо саботата ја вовела неделата“ (**Огледало на католицизмот** 23. IX. 1893. година).

Во католичкото списание Petera Giermanna, **Катехизам за обратениците**“, страна 50 ги наоѓаме овие прашања и одговори:

Прашање: Кој ден во седмицата е библиски „ден за одмор“?

Одговор: Саботата е библиски „ден за одмор.“

Прашање: Зошто тогаш ја празнуваме неделата наместо саботата?

Одговор: Неделата ја празнуваме наместо саботата, затоа што католичката црква, на лаодикискиот собор (336. година по Христа) светоста на саботата ја пренела на неделата.

Со ова не сакаме никому да му префрламе. Сакаме само да објасниме како дошло до оваа значајна промена во праксата на христијанската црква, за да како Христови следбеници исправно го сфатиме и разбереме значењето на саботата.

Од кога започнува празнувањето на неделата?

Празнувањето на неделата потекнува од времето на Нимрод (Создавање 10:8-10), кога луѓето го обожавале сонцето. Во христијанската црква неделата е воведена постепено и речиси неосетно. Во почетокот неделата е сметана како ден за рекреација, а саботата како ден за строго празнување и претерани барања. Така некое време биле празнувани и двата дена. Конечно римскиот цар Константин го донел првиот познат закон за неделата во 321. година по Христа. По лаодикијскиот собор денот на богослужение од саботата и официјално е пренесен на неделата.

Каков, во тој поглед, ќе биде ставот на оние кои навистина Го љубат Бога и сакаат само Нему да Му оддаваат слава?

„Повеќе треба да Му се покоруваме на Бога отколку на луѓето“ (Дела на апостолите 5:29).

БОЖЈИОТ ПЕЧАТ И ЖИГОТ НА ОТПАДНИШТВОТО

Кое особено дело треба да се изврши на земјата пред да се спуштат на неа ветровите на уништувањето?

„Потоа видов четири ангела како стојат на четирите агли од земјата, држејќи ги четирите земни ветрови, за да не дува ветар ни на земјата, ни по морето, ниту на некое дрво. И видов друг ангел како се подигаше од исток кој имаше печат на живиот Бог. И

тој извика со висок глас кон четирите ангели, на кои им беше дадено да и пакостат на земјата и морето, велејќи: „Не пакостете и на земјата, ниту на морето, ниту, пак, на дрвјата, **додека не им ставиме печат врз челата на слугите на нашиот Бог**“ (Откровение 7:1-3).

Каде го наоѓаме Божјиот печат?

„Врзи го свидетелството и **запечати го откровението (законот)** пред своите ученици“ (Исаија 8:16).

Ќе се сетите дека во 18-та лекција учевме дека единствено четвртата заповед го содржи Божјиот печат. Во таа заповед Тој се идентификува како Господ (име) Создател (титула), небо и земја (територија).

Што папството наведува како доказ за својот авторитет и моќ?

На тоа прашање го наоѓаме следниот одговор:

„Важно дело на промена на саботата во недела е што и протестантите ја прифатиле.“ Henri Tuberville, „Извадок од христијанската доктрина“ стр. 58 (Прогласено 1833). Секако дека католичката црква тврди дека таа промена е нејзино дело; поинаку и не може да биде, зашто во тоа време никој и не помислувал во духовните или верските прашања да направи било што без неа, и тој факт е знак (белег) на нејзината црковна моќ и авторитет во верските прашања. (**Огледало на католицизмот** 23. IX. 1893. година).

Што Јован прорекол дека ќе се случи во последните денови на ЗЕМСКАТА ИСТОРИЈА?

„И ќе направи на сите - мали и големи, богати и сиромаси, слободни и робови - да им се стави белег на десната рака или на челата нивни“ (Откровение 13:16).

Овој знак, во 17. стих наречен белег (жиг) ѕверски, е во спротивност со примањето на Божјиот печат за кој се зборува во 7. и 14. поглавје на Откровението. Бидејќи саботата претставува Божји печат очигледно е дека противник на вистинската сабота може да биде само денот чиешто празнување го вовела онаа власт која по узурпаторската моќ и авторитет се издигнала над Бога (2. Солунјаните 2:3,4).

НАША ОДЛУКА

Кој значаен принцип, кој се однесува на прашањето за саботата, мораме секогаш да го имаме на ум?

„Дали знаете дека, ако му се предавате некому како робови за послушност, **робови сте му на оној кому му се покорувате**“ (Римјаните 6:16).

„Кој не е со Мене, против Мене е; и кој не собира со Мене, тој растура“ (Матеј 12:30).

Невозможно е овде да останеме неутрални. Ние сме слуги на оној на кого се покоруваме. Исус сака да го празнуваме Неговиот ден затоа што Го љубиме и не сакаме

со ништо да Го навредиме. Во наредната лекција подетално ќе проучуваме за благословите кои ги примаме ако го празнуваме денот кој самиот Господ го посветил и празнувал.

Која величествена визија ја имал апостол Јован за оние кои ќе го примат Божјиот печат?

„Потоа видов: ете, Јагнето стои на гората Сион, и со Него сто четириесет и четири илјади, што го имаа на челата свои напишано името на Неговиот Отец“ (Откровение 14:1).

„И видов нешто како стаклено море, измешано со оган; и оние што го победија sверот и неговата биста, неговиот белег и бројот на неговото име, стоеја на тоа стаклено море и имаа харфи Божји“ (Откровение 15:2).

Оние што ќе го примат Божјиот печат на своето чело или ум, на крајот ќе стојат со Божјото Јагне на стакленото море. Драги пријателе, сакаш ли и ти да бидеш таму? Со Божја милост и благодарение на Неговата спасоносна сила, таквата желба може да ти се оствари.

„Саботата ќе претставува голема проверка за верноста, зашто нејзиното празнување е особено оспорувана точка на вистината. Кога луѓето во тој поглед ќе бидат ставени на последно проверување, тогаш, слично на граничната линија, ќе се истакне разликата помеѓу оние кои Му служат на Бога и оние кои не Му служат. Додека празнувањето на лажната сабота (неделата) сообразно со земните закони, но спротивно со четвртата Божја заповед, ќе претставува јавно признавање на поданичката покорност на онаа сила која се спротивставувала на Бога - празнувањето на вистинската сабота, во сообразност со Божјиот закон, претставува очигледен доказ на верност кон Творецот. Додека едните, прифаќајќи го овој знак на потчинетост кон земните власти, го примаат белегот на sверот - другите, избирајќи го знакот на верност на божествениот авторитет, го примаат Божјиот печат“ (Големата борба 605).

РИЗНИЦА НА ЕВАНГЕЛИЕТО

Испитен лист - 20 лекција

1. Пророкот Даниел ја прорекол силата која ќе помислува да ги измени: _____ и _____

2. Павле прорекол дека пред Христовото доаѓање ќе се открие

_____

3. На кој начин „Човекот на гревот“ ќе се издигне над Бога?

_____

4. Која сила, по сопственото сведоштво, отворено признава дека го променила денот за празнување? _____

5. Кога започнало празнувањето на неделата? _____

6. Пополни:

а) „Повеќе треба да Му се покоруваме _____ отколку на луѓето“ (Дела на апостолите 5:29).
б) „Врзи го свидетелството и запечати го _____ пред своите ученици“ (Исаија 8:16).
в) „Кој не е _____Мене е“ (Матеј 12:30).

7. Која одлука наскоро ќе морат да ја донесат сите кои живеат на земјата?

_____

_____